Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, врз основа на член 152 ставови 4, 5 и 10 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14), а во согласност со Заклучокот на Агенцијата бр.02-2665/3 од 09.05.2014 година, на 29-та седница одржана на 09.05.2014 година, ја донесе следната:

# О Д Л У К А

1. Се одобруваат средства, најмногу во износ од 26.500,00 денари, со ДДВ, од средствата наменети за репрезентација за набавка на пригодни подароци и изработка на кадифени папки со моден картон со текст, по повод службената посета, која ќе се одржи на 15 мај 2014 година со претставници од Високиот Совет за радио и телевизија на Република Турција (RTUK), на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на Република Македонија.

2. Оваа одлука влегува во сила веднаш.

## О б р а з л о ж е н и е

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, врз основа на член 152 ставови 4, 5 и 10 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14), а во согласност со Заклучокот на Агенцијата бр.02-2665/3 од 09.05.2014 година, на 29-та седница одржана на 09.05.2014 година, донесе одлука да се одобрат средства, најмногу во износ од 26.500,00 денари, со ДДВ, од средствата наменети за репрезентација за набавка на пригодни подароци и изработка на кадифени папки со моден картон со текст, по повод службената посета, која ќе се одржи на 15 мај 2014 година со претставници од Високиот Совет за радио и телевизија на Република Турција (RTUK), на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на Република Македонија, кои се предвидени во Финансискиот план за 2014 година на Агенцијата. Врз основа на сето погоре наведено, Агенцијата донесе одлука како во диспозитивот.

**Бр.** 02-2675/1

09.05. **2014 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател,**

**Д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

Република Македонија, Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Скопје

Примерок од Одлуката да се достави до:
- Секторот за економско - финансиски работи;
- Секторот за правни работи;
- Секретаријатот на Агенцијата - архива.